Врз основа на член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М.“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.11.2022 година донесе:

**Програма**

**за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, број 09-3771/83 од 03.12.2021 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14 од 06.12.2021 година, Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09–767/33 од 14.03.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.4 од 15.03.2022 година и Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09-2874/41 од 29.07.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8 од 01.08.2022 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањето во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, се вршат во член 10, став 3 од Програмата, а се однесуваат во графичкиот прилог скица со 6 локации за поставување на тезги и Монтажно – демонтажни типски објекти, каде што во локација број 2 од цитираната скица се дадени два графички прилози и тоа:

-Прилог 1 за тезги и типски објекти,

-Прилог 2 за штанд.

**Член 3**

Прилог на оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка е нов графички прилог од две скици (скици за локација број 2, една за поставување на тезги и Монтажно – демонтажни типски објекти и втора за штандови).

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Совет на Општина Крива Паланка**

**Претседател**

**Изабела Павловска**

**Бр. 09-4665/57**

**07.12.2022 година**

**Крива Паланка**